Датум на стапување во сила на правилата за промоцијата: 19.10.2026 година

ПРАВИЛА ЗА КУПОВНАТА ПОВОЛНОСТ

„SAMSUNG ART STORE"

1. Организатор на промоцијата

Организатор на промоцијата е Samsung Electronics Austria GmbH, Praterstrasse31/14 Obergeschoss, Виена, Република Австрија (во понатамошниот текст:„Samsung").

2. Период на времетраење на куповната поволност

Куповната поволност трае од 19.10.2026 до 31.12.2026 година (во понатамошниот текст: „Период на Куповната поволност").

3. Учесници и услови за учество во куповната поволност

Во предметната куповна поволност можат да учествуваат физички и правни лица кои поседуваат еден од моделите на телевизори Samsung (во понатамошниот текст:„Уред") наведени во табелата подолу и кои во текот на периодот на времетраење на Куповната поволност од точка 2 за првпат успешно ќе активираат претплата на услугата Samsung Art Store и кои услугата Samsung Art Store ја користат на територијата на Република Северна Македонија.

Назив на групата уреди опфатени со Куповната поволност	Година на групата уреди опфатени со куповната поволност
Neo QLED 8K	2025.
Neo QLED 4K	2025.
Frame	2025.
Frame Pro	2025.
Q8F	2025.
Q7F	2025.
Micro RGB	2026.
OLED (S99H)	2026.
Neo QLED (QN70,QN80)	2026.
Mini LED (M80H)	2026.
Frame	2026.
Frame Pro	2026.
Moving Style	2026.

За да ја остварат поволноста предвидена со оваа Куповна поволност, учесниците мора да поседуваат важечка кредитна или дебитна картичка или сметка на PayPal, со целда можат да ја активираат претплатата преку интернет-продавницата Samsung ArtStore.

За да учествуваат во предметната промоција, корисниците треба да имаат отворена или да отворат Samsung сметка (Samsung Account). Корисниците кои немаат отворено Samsung сметка (Samsung Account) можат да ја отворат прекуследниот линк: https://account.samsung.com/iam/sign-up/terms.

4. Поволност

Корисниците кои ги исполнуваат сите услови за учество во предметната Куповна поволност наведени во точка 3 од овие Правила и ги преземат сите активности од точка 5 од овие Правила, ќе стекнат право на 3 (три) месеци бесплатно користење на услугата Samsung Art Store, почнувајќи од денот кога корисникот за првпат ќе ја активира претплатата на Samsung Art Store на телевизорот од точка 3 од овие Правила, на начин опишан во овие Правила.

5. Услови за учество во Куповната поволност и остварување на правото на поволност

За да стекнат право на поволноста од точка 4 од овие Правила, покрај исполнувањето на условите од точка 3 од овие Правила, учесниците треба најдоцна до 31.12.2026 година да ги преземат следниве активности:

- На телевизорот од точка 3 од овие Правила, преку иконата Apps, да ја отворат апликацијата Samsung Art Store*.

Апликацијата Samsung Art Store е претходно инсталирана на телевизорите од точка 3 од овие Правила.

- Да се најават со својата Samsung сметка (Samsung Account)**.

Учесниците можат да креираат Samsung сметка согласно информациите наведени во точка 3 од овие Правила или директно преку апликацијата Samsung Art Store.

- Во апликацијата Samsung Art Store да ја изберат опцијата „My Art Store", а потоа да го изберат полето „Членство" и да изберат месечна или годишна претплата, по што ќе треба да ги внесат податоците за претплатникот.

- Да кликнат на полето „Payment info" (Податоци за плаќање) во делот „My ArtStore" (Мојот Art Store).

- Во делот „Payment info" (Податоци за плаќање) да го изберат полето „Add Credit or Debit Card" (Додај кредитна или дебитна картичка) или полето „PayPal Sign up"(Регистрација преку PayPal сметка).

- Да ги внесат соодветните податоци за плаќање со цел да ја активираат претплатата.

- Да уживаат во галеријата Art Store и во 3 (три) месеци бесплатно користење на услугата Samsung Art Store.

6. Важни напомени

Поволноста од предметната Куповна поволност може да се оствари исклучиво доколк ууслoвите за стекнување право на таа поволност, наведени во точка 3 од овие Правила, бидат исполнети во рамките на периодот на времетраење на Куповната поволност од точка 2 од овие Правила. Барањата за остварување на поволноста поднесени надвор од наведениот период на времетраење на Куповната поволност нема да бидат прифатени.

Поволноста од предметната Куповна поволност може да се оствари само еднаш за секој поединечен телевизор од точка 3 од овие Правила и за секој претплатник, и е достапна само за нови претплатници на услугата Samsung Art Store.

За пристап и користење на поволноста од оваа Куповна поволност, учесникот мора да ги прифати условите за користење на услугата Samsung Art Store, достапни во апликацијата Samsung Art Store.

Учесникот во Куповната поволност е исклучиво одговорен за откажување на претплатата на Samsung Art Store пред истекот на бесплатниот пробен период.

На учесниците во Куповната поволност кои нема да ја откажат претплатата пред истекот на бесплатниот пробен период, претплатата на Samsung Art Store автоматски ќе им биде обновена по цена од 4,99 евра месечно односно [307.23] денари или 49,99 евра годишно односно [3077.88] денари, зависно од избраниот вид претплата.

Задолжувањето се врши во евра, а износот во денари е информативен, а банката издавач на картичката може да примени сопствен курс и надоместок за конверзија за кои Samsung не сноси одговорност.

За сите прашања поврзани со активирањето на претплатата и користењето на интернет-продавницата Samsung Art Store, кои не се изречно уредени со овие Правила, се применуваат Општите услови за користење на интернет-продавницата Samsung Art Store, објавени на следниот линк [https://www.samsung.com/mk/tvs/art-tv/] .

7. Лични податоци на учесниците

За собирањето и обработката на личните податоци на учесниците во предметната Куповна поволност ќе се применуваат Правилата за приватност на услугата Samsung Account (Samsung сметка), како и Правилата за приватност на интернет-продавницата Samsung Art Store, достапни на следниот линк: [https://www.samsung.com/mk/tvs/art-tv/].

8. Право на измена на правилата на Куповната поволност

Samsung го задржува правото во секое време, од оправдани причини, да изврши измени на овие Правила, со обврска за измените да ги извести корисниците без одлагање.

Samsung го задржува правото во секое време, од оправдани причини, да ја прекине оваа Куповна поволност. Известувањето за евентуалното предвремено завршување на

Куповната поволност Samsung ќе го објави без одлагање, на истиот начин на кој ги објавил овие Правила.

9. Контакт

Е-пошта за контакт во врска со предметната Куповна поволност: ce.promotion@samsung.com

Samsung Electronics Austria GmbH